**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-269
22.04. **2016 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеји 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 година), а во врска со член 15 став 2 и став 6 и член 29 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), точка 3 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.03-2485/1 од 19.04.2016 година, поради необјавување податоци согласно со член 15 став 2 од Законот за медиуми, од страна на Друштвото за трговија и услуги ГАЛА МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Друштвото за трговија и услуги ГАЛА МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 15 став 2 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), а казнива по член 30 став 1 точка 4 и став 2 од истиот Закон, на начин што Друштвото за трговија и услуги ГАЛА МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје, не ја исполни обврската од член 15 став 2 од Законот за медиуми, односно не ги објави во дневен весник податоците за сопственичката структура и до Агенцијата не достави исечок од објавата.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-2485/1 од 19.04.2016 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Друштвото за трговија и услуги ГАЛА МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје, во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по решението.

4. Ова Решение е конечно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 година) и член 29 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските утврдени со членовите 6, 8, 14 и 15 од Законот за медиуми.

Во согласност со член 29 став 2 од Законот за медиуми, мерките кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно регулаторно тело може да ги

преземе, а кои се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од Законот за медиуми.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки против издавач на медиум согласно со овој Закон.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за стратешко планирање и авторски права на 19 април 2016 година, извршила редовен административен надзор кај субјектот на надзорот: издавачот на печатен медиум Друштво за трговија и услуги ГАЛА МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје, при што констатирала прекршување на член 15 став 2 од Законот за медиуми, на начин што Друштвото за трговија и услуги ГАЛА МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје, не ја исполни обврската од член 15 став 2 од Законот за медиуми, односно не ги објави во дневен весник податоците за сопственичката структура и до Агенцијата не достави исечок од објавата.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.03-2485/1 од 19.04.2016 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеји 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 15 став 2 и став 6 и член 29 од Законот за медиуми, точка 3 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.03-2485/1 од 19.04.2016 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за медиуми, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Друштвото за трговија и услуги ГАЛА МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје, се презема мерка – опомена и му се наложи, во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него издавачот на печатениот медиум може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение издавачот на печатениот медиум може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен административен надзор, бр.03-2485/1 од 19.04.2016 година.

**Доставено до:**
- Друштво за трговија и услуги ГАЛА МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Друштвото за трговија и услуги ГАЛА МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за стратешко планирање и авторски права; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14), се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 19.04.2016

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 03 | 2485 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** издавачот на печатен медиум, Друштво за трговија и услуги ГАЛА МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје

3. **Датум на извршување на надзорот:** 19 април 2016 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши на исполнувањето на обврската од член 15 став 2 од Законот за медиуми, според која издавачите на печатен медиум се должни податоците за сопственичката структура, односно податоците за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување, да ги објават во најмалку еден дневен весник, еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година и исечок од објавата да му достават на надлежното регулаторно тело во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

5. **Претходно изречена мерка:** нема

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Друштвото за трговија и услуги ГАЛА МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје не ја исполни обврската од член 15 став 2 од Законот за медиуми, односно не ги објави во дневен весник податоците за сопственичката структура и до Агенцијата не достави исечок од објавата.

7. **Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 15 став 2 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), а согласно член 15 став 6 од овој Закон, се дава следната предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Друштвото за трговија и услуги ГАЛА МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје и согласно Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година), да му даде дополнителен рок од 45

дена од денот на приемот на решението, во кој издавачот на печатен медиум ќе биде должен да ја изврши обврската од член 15 став 2 од Законот за медиуми и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***